# ВАСИЛ ТОЛЕВСКИ ● МУЗИКА ЗА ГЛУВИ

Скопје, 2006

Издавач:
Васил Толевски
ciletolevski@yahoo.com

Подготовка за печат:
МАКФОРМ-Скопје

Цртеж и корица:
Зоран Арсовски

Печат:
СОФИЈА- Богданци

Тираж:
500 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3-84

ТОЛЕВСКИ Васил
Музика за глуви / Васил Толевски, - Скопје : Толевски В. 2006. - 84 стр.; 17 см - (Библиотека Хумор и сатира)

ISBN 9989-9813-3-7

COBISS.MK-ID 67649290

ВАСИЛ ТОЛЕВСКИ

# МУЗИКА ЗА ГЛУВИ

**АКО СЕ ПРЕПОЗНАЕ НЕКОЈ – НЕГОВ ПРОБЛЕМ.**

**АКО НЕ СЕ ПРЕПОЗНАЕ НИКОЈ – МОЈ ПРОБЛЕМ.**

**Авторот**

**ДОДЕКА СЕ РЕШИМЕ МЕЃУ КАПАТА ИЛИ КЕЧЕТО – НИ ОТИДЕ ГЛАВАТА.**

**ОНАМУ КАДЕ ШТО ПРВИОТ ГИ КРЕВА РАЦЕТЕ, ПОСЛЕДНИОТ ГИ СПУШТА ГАЌИТЕ.**

**ПОРАНО ГРАДЕА ЗАМОЦИ, ПА БИРАА ШУТОВИ. СЕГА БИРАМЕ ШУТОВИ, ПА ГРАДИМЕ ДРЖАВА.**

**ЗАКОНИТЕ МОЖЕ ДА ГИ ПИШУВАМЕ
И СО КЛИНЕСТО ПИСМО.
И ОНАКА НИКОЈ НЕ ГИ ЧИТА.**

**НАШИТЕ КРИМИНАЛЦИ НЕ ГЛЕДААТ
ПРЕНОС ОД ПАРЛАМЕНТОТ.
СЕ ЧУВСТВУВААТ ИНФЕРИОРНО.**

**НА НАШИТЕ КРАЛЕВИ, КРУНАТА СЕКОГАШ ИМ Е
ПОГОЛЕМА ОД ГЛАВАТА.
ЗАТОА НА ИЗБОРИТЕ ИМ ПАЃА.**

**ЗА ПРОСТИТУТКИТЕ,
НЕМА МЕСТО ВО ПОЛИТИКАТА.
ИМА ПОГОЛЕМИ КУРВИ ОД НИВ.**

**ОТКАКО ГО СТАВИЈА МЛАДИОТ НА ВЛАСТ,
СТАНА МЛАДА.**

**НЕ Е ТОЧНО ДЕКА ГО МЕНУВАМЕ УСТАВОТ
КАКО ЧОРАПИ – НЕМАМЕ ТОЛКУ ЧОРАПИ.**

**НАШАТА ИСТОРИЈА Е ПИШУВАНА СО КРВ.
ЗАТОА СЕГА СМЕ БЕСКРВНИ.**

**СТОЧАРСТВОТО НИ ОПАЃА.
МНОГУ СТОКА ОТИДЕ ВО ПОЛИТИКА.**

**ДИРИГЕНТОТ НИ ВЕТУВА СРЕЌНА ИДНИНА.
ОРКЕСТАРОТ ЗА СЕКОЈ СЛУЧАЈ ГО ВЕЖБА
ПОСМРТНИОТ МАРШ.**

**И ВРАПЧИЊАТА ЗНАТ ДЕКА ЛОШО СТОИМЕ.
ЗАТОА СЕ НА ОТСТРЕЛ.**

**ЕВРОПА ЌЕ ПЛАЧЕ ОД НАС.
ДОЗВОЛЕН Е ИЗВОЗ НА КРОМИД.**

**ПАРАДОКС – ИМАМЕ ЗРЕЛИ МИНИСТРИ
КОИ ТРЕСАТ ЗЕЛЕНИ.**

**ПОРАДИ ОНАА НАРОДНАТА...
СО КОГО СИ ТАКОВ СИ, НА СИНОТ НАЈИТНО МУ ЗАБРАНИВ ДА СЕ ДРУЖИ СО ПОЛИТИЧАРИ.**

**НАШ ИЗБОРЕН ПАЗАР: ВО ЕДЕН ДЕН КУПУВАШ, А ЧЕТИРИ ГОДИНИ ПЛАЌАШ.**

**ВЕТЕРОТ Е ВИНОВЕН ЗА СЕ.
СИТЕ ОДАТ КАДЕ ШТО ТОЈ ДУВА.**

**НАЈВЕРОЈАТНО ЌЕ МИ КРОЈАТ КАПА.**
**МИ ЈА МЕРКААТ ГЛАВАТА.**

**КАМЕЛЕОНИТЕ ЈА ИЗГУБИЈА БИТКАТА**
**СО ПОЛИТИЧАРИТЕ.**

**ТЕШКИ СМЕ ЗА МАТЕМАТИКА.**
**НИКОЈ НЕ НЕ ЕСАПИ.**

**ДОЈДОВМЕ ДО ИДЕАЛНА СИРОМАШТИЈА.
НЕМАМЕ НИ СРАМ НИ ПЕРДЕ.**

**СÈ МИ Е ПОД КОНТРОЛА.
ТОАЛЕТНАТА ХАРТИЈА МИ Е ПРИ РАКА.**

**ЗБУНЕТ СУМ ОД ТОЛКУ ЛУДИ ОКОЛУ МЕНЕ.
МИ СЕ ПОДГОТВУВА НЕШТО.**

**ГОЛТАРИТЕ СЕ РАДУВААТ.
НАЧУЈА ДЕКА ЧОВЕКОТ Е НАШЕ НАЈГОЛЕМО
БОГАТСТВО.**

**КУПУВАЊЕТО ГЛАСОВИ Е ПРИДОНЕС
НА ПАРТИИТЕ КОН ПРЕПОРАКАТА
ЗА КУПУВАЊЕ МАКЕДОНСКИ ПРОИЗВОДИ**.

**МЛАДИТЕ ИЗВИДУВАЧИ НЕ МОЖАТ
ДА СЕ ОРИЕНТИРААТ.
И МОВТА ОД ДРВЈАТА ИМ ЈА ИЗЕДОВМЕ.**

**ТРЕБАШЕ ДА МУ КАЖАТ ДЕКА ДОАЃА ПОДОБРО УТРЕ. НЕМАШЕ ДА УМРЕ.**

**МЕ СМЕТААТ ЗА КОЗМЕТИЧКИ ТИП. САКААТ САПУН ДА МЕ НАПРАВАТ.**

**ЖИТОТО СЕ ПОМАЛКУ ГО ИЗВЕЗУВАМЕ. ГО ЧУВАМЕ ЗА БЛАГА ПЧЕНИЦА.**

**МАКЕДОНСКИ ПРОСЕК
– НА СЕКОЈ ЦЕЗАР ПО ЕДЕН БРУТ.**

**ВО НАШАТА ПОЛИТИКА ГО НЕМА КЛИНТОН.
НО ЛЕВИНСКА Е СЀ ПОПРИСУТНА.**

**КОНЕЧНО МИ СЕ ЗГРЕА СРЦЕТО.
СЕ ЗАПАЛИ КУЌАТА НА КОМШИЈАТА.**

**НАЈТЕШКО Е ДА СЕ ФОРМИРА**
**ЗДРУЖЕНИЕ НА ЧЕСНИ.**
**КАДЕ ДА СЕ НАЈДАТ ЧЛЕНОВИ.**

**ДЕМОКРАТИЈАТА НИ Е ВО ПЕЛЕНИ.**
**ДЕМОКРАТИТЕ НИ СЕ ПОСОВРЕМЕНИ**
**– НОСАТ ПАМПЕРСИ .**

**НА НАРОДОТ МУ ОЛЕСНИ.**
**ГО КАЧИЈА НА ЛАФЕТ.**

**МИ ПОДИГНАА СПОМЕНИК.
УШТЕ ДА МЕ СРЕДАТ.**

**ЕВРОПА НЕ НЕ ГЛЕДА.
МНОГУ СМЕ ПРОЗИРНИ.**

**ВЛАДАТА ГИ БРКА СИТНИТЕ SВЕРКИ.
ЗА ГОЛЕМИТЕ НЕМА КАФЕЗИ.**

**СИТЕ ВЛАДИ ГИ БИРА НАРОДОТ.
ЗАТОА ЗА ГРЕШКИТЕ НА ВЛАДАТА,
НАРОДОТ ТРЕБА ДА ОДГОВАРА.**

**МНОГУ НАШИ ПОЛИТИЧАРИ
СЕ ФАБРИЧКИ ПРОИЗВОД.
ЗАТОА СЕ РОДЕНИ СО ФАБРИЧКА МАНА.**

**НЕ НИ ТРЕБА ЈАВНА КУЌА.
СИ ИМАМЕ ПАРЛАМЕНТ.**

**ПОПОТ МАТЕРИЈАЛИСТ, НАМЕСТО ВО ЦРКВА, СЕ МОЛИ ВО КЛАДИЛНИЦА.**

**БУЗДОГАН НЕ Е СТАРО ОРУЖЈЕ, ТУКУ ПОЛИТИЧАР СО СТАРИ СФАЌАЊА.**

**УБАВО Е ШТО МУ ПАДНА СЕКИРАТА ВО МЕД. ЛОШО Е ШТО МЕДОТ МУ БЕШЕ НА ВРАТОТ.**

**СТЕЧАЕЦОТ ФАТИ ЗЛАТНА РИПКА.
СЕ ЖАЛИ – ИМА МНОГУ КОСКИ.**

**МОРАМЕ ДА ЈА УРАМНОТЕЖИМЕ ЗАПАДНА
СО ИСТОЧНА МАКЕДОНИЈА.
НЕ СМЕЕ ДА ИМА НЕУРАМНОТЕЖЕНИ.**

**ПОЛИТИКАТА НАВЛЕЗЕ ДЛАБОКО ВО ЗЕМЈАТА.
И МРТВИТЕ ГЛАСААТ.**

**ПРЕНОСИТЕ ОД ПАРЛАМЕНТОТ ЈА ЈАКНАТ СЕКСУАЛНАТА МОЌ КАЈ НАРОДОТ. ГЛЕДАЈЌИ, МУ ИДЕ НЕКОГО ДА...**

**ЗАТВОРИТЕ СЕ НАЈСИГУРНИ ИНСТИТУЦИИ ЗА НАРОДОТ. ТАМУ БАРЕМ ТОПЛИОТ ОБРОК Е ЗАГАРАНТИРАН.**

**НЕОДАМНА НАПРАВИВМЕ ПОПИС, И ПАК СИТЕ ОВЦИ НЕ НИ СЕ НА БРОЈ.**

**ПОЧНАВ ДА УЧАМ ЗА ХУНТА И РЕЖИМ.
ПРАКТИЧНАТА НАСТАВА ДОПРВА СЛЕДУВА.**

**СУДИЈАТА НЕ Е СЛЕП.
ЗАТОА НИШТО НЕ ВИДЕ.**

**И НАШАТА ВЛАДА ДАДЕ ПРИДОНЕС
ВО ДЕКАДАТА НА РОМИТЕ.
ПИТАЧИ ПО ЦЕЛ СВЕТ.**

**БЛАГОДАРЕНИЕ НА ВИЦОВИТЕ, МАКЕДОНЕЦОТ И КОГА ПОСТИ МРСИ.**

**ИЗЈАВА НА АЛБАНСКИ ГИНЕКОЛОГ – ДРЖАВАВА НИ Е ТРУДНА, ЌЕ РОДИ ПОКРАИНА.**

**ДРЖАВАТА НИ Е КАКО ТАТКО. НИ ЈА ЕБА МАЈКАТА.**

**СО ЕДНАТА НОГА СМЕ ВО ГРОБ,**
**СО ДРУГАТА СМЕ ВО КАЛ ДО КОЛЕНА.**

**КАЈ НАС СЕ ОДИ ПО РЕД.**
**НАЈПРВИН СЕ ГАЗИ УСТАВОТ,**
**ПА ПОТОА СЕ МАРШИРА ПО ПЛАНИНИТЕ.**

**ЦРНИТЕ ОВЦИ СЕ НАМАЧКАНИ СО СИТЕ БОИ.**

**НАРОДОТ НИ Е ИЗГУБЕН**
**КОЈ ГО НАЈДЕ - НЕГОВ Е.**

**НЕКОИ ПРАТЕНИЦИ МИСЛАТ**
**ДЕКА СЕ ДЕЛЕГАТИ НА АСНОМ.**
**ЌЕ НЕ ВРАТАТ ВО ВРЕМЕТО**
**ОД ПРЕД ПЕДЕСЕТ ГОДИНИ.**

**МАКЕДОНИЈА Е ЛУЛКА НА ЦИВИЛИЗАЦИЈАТА.**
**ЗАТОА ТОЛКУ ПЛАЧЕМЕ.**

**ОД СИГУРНИ ИЗВОРИ ДОЗНАВМЕ
– ДАНТЕ ЖИВЕЕЛ ВО МАКЕДОНИЈА.**

**БИ ИЗЛЕГЛЕ НА СВЕТСКИОТ ПАЗАР,
АМА ОДАМНА СЀ ПРОДАДОВМЕ.**

**ГОСПОД ГО НАПРАВИ ЧОВЕКОТ ОД КАЛ.
НОРМАЛНО Е ШТО ДЕНЕШНИВЕ ПОТОМЦИ
СЕ ИЗВАЛКАНИ.**

**ЗЛОЧИНОТ НИКОГАШ НЕ ЗАСТАРУВА РЕДОВНО ГО ОБНОВУВАМЕ.**

**НАЈИТНО ДА СЕ ЗАБРАНИ АБОРТУСОТ. БЕЛКИМ НЕРОДЕНИТЕ ЌЕ БИДАТ ПОДОБРИ ОД СЕГАШНИВЕ?!**

**ГЛАДНИОТ РИБАР ПОВЕЌЕ САКА ДА ФАТИ СОМ ОТКОЛКУ ЗЛАТНА РИПКА.**

**ВЛАДАТА РЕШИ ДА ГО РАСВЕТЛИ ПРОБЛЕМОТ.
НАБАВИЈА РЕФЛЕКТОРИ.**

**СЕ СЕЌАВАМ КОГА ПОСЛЕДЕН ПАТ ЈАДЕВ МЕСО.
А ПОТОА ДОЈДОА ИЗБОРИТЕ.**

**НАШИТЕ ВОДАЧИ НЕ СЕ СЛЕПИ.
КУЧИЊАТА ИМ СЕ ЗА ДРУГА НАМЕНА.**

**КАЈ НАС ВРЕМЕТО СТОИ,
ТАКА ДА НЕ НИ Е ТЕШКО
ДА ДРЖИМЕ ЧЕКОР СО ВРЕМЕТО.**

**КАКО ПОБЕДНИК НА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ
ИЗБОРИ, НАПРЕДУВА ОД ЛОКАЛНА
ВО РЕПУБЛИЧКА БУДАЛА.**

**ЗА ВОЛКОТ, ОВЦАТА Е ТЕМЕЛ НА ИДНИНАТА.**

**ГО МИСЛЕВ ОВЦА, А ТОЈ ДА МИ ТИ БИЛ СВИЊА.**

**ТРОШОЦИТЕ ЗА ХРАНА МИ СЕ НАМАЛИЈА ОТКАКО ПОЧНАВ ДА ЈАДАМ ЛУЃЕ.**

**КРАДЦИТЕ НЕ ВЕРУВААТ ВО ПОДОБРО УТРЕ. НИМ И ДЕНЕС ИМ Е ДОБРО.**

**ИДЕАЛНА БОЖЈА ГРАДБА**
**– МАКЕДОНЕЦ БЕЗ ЖЕЛУДНИК.**

**ВЛАСТА РЕШИ**
**ДА СЕ СПРОТИВСТАВИ НА МАФИЈАТА.**
**ЌЕ БИДЕ ТОА БРАТОУБИСТВЕНА ВОЈНА.**

**ГЛЕДАЈЌИ НАНАЗАД, ОД ГОДИНА ВО ГОДИНА**
**НИ БИЛО СЕ ПОУБАВО.**

**ОСТВАРУВАМЕ ВИДЕН НАПРЕДОК.**
**ГЛУВЦИТЕ СТАНАА СТАОРЦИ.**

**ПОКРАЈ ДИЈАБЕТИЧАРИТЕ, ПРИТИСОК ИМААТ И МАКЕДОНЦИТЕ ВО ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА.**

**ПОСЛЕ СОЦИЈАЛИЗМОТ**
**ТРЕБАШЕ ДА ДОЈДЕ КОМУНИЗАМ.**
**А ДОЈДЕ ПОЛОШО.**

**КАКО МЛАД, БЕШЕ ТИКВА ОД ЧОВЕК.
СЕГА Е МИНИСТЕР ЗА ЗЕМЈОДЕЛИЕ.**

**ГИНИС ПОКАЖА ИНТЕРЕС
ЗА ЕДЕН НАШ ПОЛИТИЧАР.
КОГА ДОЗНА КОЛКУ ПАРТИСКИ КНИШКИ ИМА.**

**ЕДЕН ДЕН МАКЕДОНИЈА ЌЕ БИДЕ АМЕРИКА.
ЗА ПОЧЕТОК –
ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА НИ Е ТЕКСАС.**

**НАШИВЕ СЛЕПЦИ СИ ЈА ГЛЕДААТ  РАБОТАТА.**

**ВО ПОВЕЌЕПАРТИСКИОТ СИСТЕМ,**
**БРОЈОТ НА КОМБИНАЦИИ Е НЕОГРАНИЧЕН.**

**ГОСПОД СОЗДАДЕ ЧОВЕК.**
**ЃАВОЛОТ МУ ВРАТИ – СОЗДАДЕ ПРАТЕНИК.**

**ДЕКА ЧОВЕКОТ Е НАПРАВЕН ОД РЕБРО,
НАЈДОБРО СЕ ГЛЕДА КАЈ СТЕЧАЈЦИТЕ**

**КАЈ НАС НЕМА НЕВРАБОТЕНИ.
СИТЕ РАБОТАТ ЕДЕН ПРОТИВ ДРУГ.**

**МАКЕДОНИЈА МОРА ДА СТАНЕ
КРАЛСТВО СО КРАЛ.
ИНАКУ ШТО ЌЕ ПРАВИМЕ СО ТОЛКУ ШУТОВИ.**

**НЕМА НИ ДЕНАР ЗА КАПА.**
**А УШТЕ ОТСЕГА МИСЛИ КАКО ДА ЈА НАКРИВИ.**

**ДОДЕКА ПОЛИТИЧАРОТ ЧИТА САТИРА,**
**МУВАТА МУ Е НА КАПАТА.**

**НАМАА КОСТУР ЗА НАДГЛЕДНО СРЕДСТВО.**
**ГО ЗАМЕНИЈА СО ПРОСЕЧЕН ГРАЃАНИН.**

**АКО Е ОВА ОПШТЕСТВО ПО МЕРКА НА ЧОВЕКОТ – МЕНЕ МИ Е ТЕСНО.**

**НОВИОТ ВОДАЧ РЕШИ ДА ТРГНЕ ОД НУЛА. И ТРГНА ОД СЕБЕ.**

**ЦРНАТА ОВЦА Е РАМНОПРАВНА СО БЕЛАТА САМО ПРИ СТРИЖЕЊЕТО.**

**СИТЕ МИНИСТРИ СЕ ИСТИ, А ИМА И ЧЕСНИ.**

**АКО ГИ ОТФРЛИМЕ СИТЕ ЛОШИ РАБОТИ, МАКЕДОНИЈА Е УБАВО МЕСТО ЗА ЖИВЕЕЊЕ.**

**ОД ОВА ПОЛОШО НЕМОЖЕ ДА БИДЕ. ЕДЕН ВЛАДИН МИНИСТЕР Е ОПТИМИСТ – ВЕЛИ ДЕКА МОЖЕ.**

**МОЈАТА ЉУБОВ ЗАВРШИ ТРАГИЧНО.**
**ЈА САКАВ СВОЈАТА ЗЕМЈА.**

**ЌЕ ВЛОЖАТ ВО ИДНИНАТА.**
**СЕ ОТВОРААТ БУТИЦИ ЗА ПОГРЕБНА ОПРЕМА.**

**ГОСТИВАР И ТЕТОВО**
**НИКОГАШ НЕМА ДА ГИ ИЗГУБИМЕ.**
**АКО ТРЕБА И ВО АЛБАНИЈА ЌЕ ГИ БАРАМЕ.**

**ЗНААТ ДЕКА КРВТА НЕ Е ВОДА
И ПАК МИ ЈА ПИЈАТ.**

**НАШАТА ВЛАДА – ДОН КИХОТ И КУП САНЧОВЦИ.**

**ПОЛИЦИЈАТА НЕ ПОДМЛАДИ.
НЕ ТЕПА КАКО МАЛИ ДЕЦА.**

**НЕ СУМ НУШИЌ, АМА ОВОЈ ВОДАЧ МИ Е СОМНИТЕЛНО ЛИЦЕ.**

**СО РАДОСТ ГО КРЕНАА НА РАЦЕ. ГО НОСЕА НА ГРОБИШТА.**

**ДА ЖИВЕЕШЕ ЦРВЕНКАПА ДЕНЕС, НЕМАШЕ ДА ЈА ЈАДАТ – ЌЕ ЈА СИЛУВАА.**

**СЕ БОРАТ ЗА МЕКА СТОЛИЦА.**
**ТВРДИТЕ ИМ ПРЕЧАТ ПОРАДИ ХЕМОРОИДИТЕ.**

**МУ РЕКОА ДЕКА Е ГЛУП КОЛКУ ШТО Е ТЕЖОК.**
**РЕШИ ДА СЕ ОПАМЕТИ – СЕГА Е НА ДИЕТА.**

**РАЗЛИКАТА МЕЃУ СЕКСУАЛЕН МАНИЈАК**
**И ПОЛИТИЧАР Е ВО ТОА ШТО МАНИЈАКОТ**
**ЗНАЕ ШТО САКА.**

**БЛАГОДАРЕНИЕ НА ФРЛЕНАТА БОМБА,
МНОГУМИНА ОТИДОА НАГОРЕ.**

**ОВА Е ВРВ НА СПИРИТУАЛИЗМОТ
– КОЛЕКТИВНО ВАДЕЊЕ НА ДУШАТА.**

**СИРОМАШТИЈАТА Е НАСЛЕДНА.
АКО НЕМА ТАТКОТО, НЕМА НИ СИНОТ.**

**ПОЛИТИЧКИТЕ ВИЦОВИ СЕ НЕЧИЈА БИОГРАФИЈА.**

**ЗА РАЗЛИКА ОД ПЛАНИНАРИТЕ,**
**ПОЛИТИЧАРИТЕ ШТОМ СЕ ПОВИСОКО,**
**ПОЛЕСНО ДИШАТ.**

**ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА НЕПИСМЕНИ,**
**СЕ ИЗБИРА ЧЛЕНОТ КОЈ ИМА НАЈГОЛЕМ ПАЛЕЦ.**

**ЛАГА Е ДЕКА НИ ПОБЕГНА ВОЗОТ.
НАШИОТ СЕ УШТЕ НЕМА НИ ТРГНАТО.**

**ДА СЕ НАМАЛИ ПЛАТАТА НА ПОЛИЦИЈАТА.
ПОМАЛКУ ЌЕ МАВА.**

**ВЛАДАТА СЕ ПОВЕЌЕ МИСЛИ НА НАРОДОТ.
СЕ ОТВАРААТ НАРОДНИ КУЈНИ.**

**СРЕЌА ШТО ИМАМ ХОЛЕСТЕРОЛ.
НАШИВЕ КАНИБАЛИ
ЈАДАТ САМО ЗДРАВА ХРАНА.**

**КОГА БИ ГО ГРАДЕЛЕ ЗИДОТ НА ПЛАЧОТ,
НАШИОТ БИ БИЛ ДОЛГ КАКО КИНЕСКИОТ ЗИД.**

**НАБАВКАТА НА ХРАНА МИ Е ОТЕЖНАТА.
ИМА ГУЖВА ПРЕД КОНТЕЈНЕРОТ.**

**ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ПОТФРЛИ.
ОД ДРУГА ОПШТИНА МИ ПРЕБАРУВААТ
ВО КОНТЕЈНЕРОТ.**

**ЕДНА РАБОТА ЗАВРШИВМЕ
ВО ПРЕДВИДЕНИОТ РОК.
ГО ОБРАВМЕ БОСТАНОТ.**

**ГИ САКАМ ГРОБИШТАТА И ЗАДУШНИЦИТЕ.
СЕ НАЈАДУВАМ КАКО ЧОВЕК.**

**КАЈ НАС НЕМА КРИМИНАЛЕЦ КОЈ Е НА СЛОБОДА.**
**СИТЕ СЕ НА ВЛАСТ.**

**НАУКАТА ВЛЕЗЕ ВО ПАРЛАМЕНТОТ.**
**ИМА СЕ ПОВЕЌЕ КЛОНИРАНИ.**

**ЕВРОПА НИ ПРЕПОРАЧА**
**ДА СЕ ПОТПРЕМЕ НА ГЛАВАТА.**
**ЗАТОА ПОЧНАВМЕ ДА ОДИМЕ НАГЛАВЕЧКИ.**

**КОНЕЧНО СЕ ФАТИЈА ЗА МОТИКА.**
**КОПААТ ПО ДОСИЕЈАТА.**

**КАЈ НАС НЕКОИ ЖИВЕАТ КАКО ШЕИЦИ.**
**ЗА ИНАЕТ НА ГРЦИТЕ ДА СЕ ВИКАМЕ**
**МАКЕДОНСКИ ЕМИРАТИ.**

**ПРОГОЛТУВАМЕ СÈ И СЕШТО.**
**ЗАТОА НЕМАМЕ ШТО ДА ЈАДЕМЕ.**

**ВИ ЗАВИДУВАМ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА.**
**МОЈАТА Е ЖИВОТИНСКА.**

**НЕ Е ПРОБЛЕМ ШТО ПРОДАВААТ ЗЕМЈА.**
**ПРОБЛЕМ Е ШТО ЈА ПРОДАВААТ НАШАТА.**

**ВЛАСТА ПОЧНА ДА ШТЕДИ.**
**ЗА ДРЖАВНОТО ЗНАМЕ КУПИЈА ПОЛА КОПЈЕ.**

**ЧЛЕН Е НА НЕКОЛКУ ПАРТИИ.
СЕГА Е КАКО САТЕЛИТСКА ТЕЛЕВИЗИЈА,
ИМА ПОВЕЌЕ ПРОГРАМИ.**

**ВО МАКЕДОНИЈА ИМА
НАД СТО ИЛЈАДИ ПЕДЕРИ.
СРЕЌА ШТО САМО ПОЛОВИНАТА
СЕ ВО ПОЛИТИКАТА.**

**НАШИТЕ ИСТОРИСКИ ГРЕШКИ,
ИДНИТЕ ПОКОЛЕНИЈА
ЌЕ ГИ ИЗУЧУВААТ ВО ГЕОГРАФИЈАТА.**

**НИКОГАШ НЕМАМ САДЕНО ТИКВИ СОЃАВОЛОТ.
ЗАТОА СЕГА ГРИЦКАМ СЕМКИ.**

**КАМЕЛЕОНОТ МОЖЕ ДА ВЛЕЗЕ
ВО СЕКОЈА ПАРТИЈА .
СИТЕ БОИ МУ ОДГОВАРААТ.**

**НЕ Е СЀ ХАОТИЧНО.
ИМАМЕ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ.**

**ДОНЕСОВМЕ НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА.
УШТЕ ДА УТВРДИМЕ КОЈА НАЦИЈА СМЕ.**

**НАЈМНОГУ МЕ ПОГОДИ ПОСКАПУВАЊЕТО
НА ЛЕБОТ И МЛЕКОТО.
ДРУГО И ОНАКА НЕ КУПУВАМ .**

**НЕ МЕ БИВА ЗА СЕКС – НЕМАМ ЗДРАВ МОЗОК.**

**ДОБРО Е ШТО ЧОВЕКОТ НА ВЛАСТ
ГО ЧУВА ПОЛИЦИЈАТА.
ИНАКУ ПУЗДЕР ЌЕ НЕ НАПРАВЕШЕ.**

**ВЛАСТА ПОБЕДУВА,
ЗАТОА ШТО ИНТЕЛИГЕНЦИЈАТА ПОПУШТА.**

**НАШИТЕ ПОЛИТИЧАРИ СЕ СЕРИОЗНИ ЛУЃЕ.
ТАКВИ ИМ СЕ И ГЛУПОСТИТЕ ШТО ГИ ПРАВАТ.**

**ГЛАСАМ САМО СО СРЕДНИОТ ПРСТ.**
**ТАКА СЕКОЈ ЗНАЕ ШТО МИСЛАМ.**

**ЧОВЕЧКАТА ГЛУПОСТ НЕМА ГРАНИЦИ.**
**ПО ОВА ПРАШАЊЕ ИМАМЕ ШЕНГЕН ВИЗА.**

**СЕ ПЛАШАМ ОД ПЛАТА**
**ШТО СЕ ИСПЛАЌА ВО НАТУРА.**
**РАБОТАМ ВО ГРАДСКАТА КАНАЛИЗАЦИЈА.**

**ГОРДЕЛИВ ЧОВЕК Е.**
**ОТПУШОКОТ ГО ЗЕМА ДУРИ ОТКАКО**
**ЌЕ СЕ УВЕРИ ДЕКА НИКОЈ НЕ ГО ГЛЕДА.**

**СПОРЕД ИСКАЖАНОТО, ЗАКЛУЧИВМЕ:**
**ГЛАВАТА И ЗАДНИКОТ**
**МУ СЕ ОД ИСТ МАТЕРИЈАЛ.**

**ДО ГУША СЕ ВО ГОМНА.**
**ЗАТОА УСТА НЕ ОТВАРААТ.**

**НАЈМНОГУ КРАДАТ ИЗБРАНИТЕ ОД НАРОДОТ.
ОНА ШТО ЌЕ ОСТАНЕ Е ЗА ИЗБИРАЧИТЕ.**

**ЧЕСНИТЕ ЖИВЕАТ СО КРСТОТ НА ЧЕЛО
– ОСТАНАТИТЕ СТАВИЈА КРСТ НА ЧЕСНИТЕ.**

**СЕКОЈА ВЛАДА Е КАКО ГРИП.
ЌЕ НЕ ЛЕГНЕ НЕКОЕ ВРЕМЕ, ПА ЌЕ СИ ОДИ.**

**ДОБРО Е ШТО НАШИТЕ КРАДАТ.
БАРЕМ УКРАДЕНОТОЌЕ ОСТАНЕ КАЈ НАС.**

**НИКОЈ НЕ МОЖЕ ДА МЕ ДРЖИ ВО РАЦЕ.
ОД СТРАВ, ВО РАЦЕ ЌЕ МУ СЕ ИСПОСЕ...**

**КАКО ДЕМОКРАТ, ПРОТИВНИЦИТЕ ГИ ФАЌАМ
ОНАМУ КАДЕ ШТО СЕ НАЈТЕНКИ – ЗА ВРАТОТ.**

**КАЗАНИТЕ СЕ ЗНАЦИ НА ПЕКОЛОТ,
МАКАР ТИЕ ДА СЕ И НАРОДНИ.**

**ДУРИ ОТКАКО ОГЛАДНЕВ
СЕ ЗАСИТИВ ОД ПОЛИТИКА.**

**НА ЕВРОПСКИОТ ЦИРКУС
МУ НЕДОСТАСУВААТ КЛОВНОВИ.
ЗНАЧИ, КОГА-ТОГАШ ЌЕ НЕ ПРИМАТ ВО ЕВРОПА.**

**ПОРАДИ СОСТОЈБАТА ВО ДРЖАВАТА,**
**НОВОРОДЕНИТЕ,**
**НАМЕСТО ВО КНИГАТА НА РОДЕНИ,**
**ЌЕ ГИ ЗАПИШУВАМЕ ВО КНИГАТА НА ЖАЛОСТ.**

**КАКО ИНТЕЛЕКТУАЛЕЦ,**
**АНГАЖИРАН СУМ НА СИТЕ ПОЛИЊА.**
**МОМЕНТАЛНО СОБИРАМ ПЧЕНКА ВО ПОЛЕТО.**

**ДОКАЖА ДЕКА Е ГРАЃАНИН НА ОВАА ЗЕМЈА.**
**УЧЕСТВУВАШЕ ВО ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА.**

**СЛЕПЦИ ИМАМЕ.
НИ ФАЛАТ НАРОДНИ СВИРАЧИ.**

**ЦЕЛ СВЕТ Е ПРОТИВ НАС.
ОСТАНАТИТЕ НИ ПОМАГААТ.**

**ПАТОТ НИ ГО ПРЕСЕЧЕ ЦРНА МАЧКА.
А ТОА НИ БЕШЕ
ЕДИНСТВЕНИОТ ПАТ ЗА ЕВРОПА .**

**ВО БУГАРИЈА ЖИВЕАТ БУГАРИ, ВО ГРЦИЈА ГРЦИ,**
**ВО АЛБАНИЈА АЛБАНЦИ...**
**ЕДИНСТВЕНО ВО МАКЕДОНИЈА ЖИВЕАТ СИТЕ.**

**КАКО МАКЕДОНЦИ НЕ СМЕЕМЕ**
**ДА СЕ ПОКАЖЕМЕ ГЛУПАВИ.**
**ЕДИНСТВЕНО АКО ЕВРОПА НЕ БАРА ПОИНАКУ.**

**СЕКОЈ ДЕН ГИ МИЕМЕ РАЦЕТЕ И НОЗЕТЕ,**
**СЕКОЈА НЕДЕЛА СИ ГО МИЕМЕ ТЕЛОТО**
**...А НА СЕКОИ ЧЕТИРИ ГОДИНИ**
**НИ ГО МИЈАТ МОЗОКОТ.**

**НИКАКО ДА ГИ СФАТАМ НАШИВЕ ВЛАДИ!
НИ КУПИЈА КАРТА ЗА АФРИКА,
А САКААТ ДА ОДИМЕ ВО ЕВРОПА!**

**НУДИСТИЧКА НАЦИЈА СМЕ.
ПОРАНО БЕВМЕ ГОЛОГЛАВИ,
А СЕГА СМЕ И ГОЛИ И БОСИ.**

**СЕКОЈ ТРЕТ МАКЕДОНЕЦ Е НЕВРАБОТЕН
А И ДРУГИТЕ ДВАЈЦА,
НЕМААТ ШТО ДА РАБОТАТ.**

**ТАМАН ЗАЗЕДОВ СТАВ,
СЕ ПОЈАВИ ВИСТИНСКИОТ МАЖ.**

**ЖЕНА МИ Е СО ИДЕАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ
ЗА ПОЛИТИЧАР.
ЛАЖЕ, ПОТКРАДНУВА
И СО ГАЗОТ НЕ МРДА ЗА НИШТО.**

**НИКАКО ДА ФАТАМ ЗЛАТНА РИПКА.
ИМАМ ТРИ ЖЕЛБИ.**

**РЕКОНСТРУКЦИЈА ИЛИ ДЕРАТИЗАЦИЈА – ОБИД ДА СЕ ТРГНАТ СТАОРЦИТЕ.**

**НЕ СМЕЕМЕ ДА БИРАМЕ ПОМЕЃУ ДВЕ ЗЛА. НА ТЕНДЕР СЕ БАРААТ ТРИ ПОНУДИ.**

**КОНЕЧНО ТРГНАВМЕ ОД МЕСТО – ПРОПАДНАВМЕ.**

**КРИМИНАЛОТ ВО СВЕТОТ Е ВО ПОРАСТ.
УШТЕ МАЛКУ ПА ЌЕ НЕ СТАСААТ.**

**ГРБАВИОТ, ЗА ДА ЗАСПИЕ,
НАМЕСТО ОВЦИ, БРОИ КАМИЛИ.**

**СВОИТЕ СОРАБОТНИЦИ
НЕ ГИ НАРЕКУВАЈТЕ ЛИГУШИ.
ТИЕ ВИ СЕ КОАЛИЦИОНИ ПАРТНЕРИ.**

**МИ СЕ ЈАВИЈА ОД МАРС.**
**СЕ ЗАБЛАГОДАРУВААТ ШТО НИВНИ КАДРИ**
**СТАВИВМЕ ЗА МИНИСТРИ.**

**СРЕЌАТА Е БАВНА.**
**НИКОГАШ НЕ СТАСА ДО НАС.**

**ЗА КАЛТА ШТО НИ Е ДО ГУША,**
**САМО СВИЊИТЕ НИ ЗАВИДУВААТ.**

**ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД НАШИТЕ АКТИВНОСТИ,
МОЖЕ ДА ПОСВЕДОЧИ
САМО ТОАЛЕТНАТА ХАРТИЈА.**

**ДЕНЕС БЕЗ ФАКУЛТЕТ,
НЕ МОЖЕШ ДА БИДЕШ НИШТО.
ОСВЕН ПРАТЕНИК.**

**ВО СОБРАНИЕТО СИТЕ ЧИТААТ ВЕСНИЦИ,
ОСВЕН ДВАЈЦА-ТРОЈЦА.
СИГУРНО СЕ НЕПИСМЕНИ.**

**КАЈ НАС НЕ МОЖЕ ДА БИДЕ ПОТОП.**
**ОДАМНА СМЕ ПУСТИНА.**

**НЕ Е ТЕШКО ДА СТАНЕШ МАЛ БОГ.**
**ТРЕБА ОКОЛУ СЕБЕ ДА СОБЕРЕШЃАВОЛИ...**
**...И ДА СЕ КАНДИДИРАШ НА ИЗБОРИ.**

**ОВАА ГОДИНА НАРОДОТ ГО ПОГОДИЈА ГОЛЕМИ ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ.**
**ПОЖАРИ, ЗЕМЈОТРЕСИ, ПОПЛАВИ, ИЗБОРИ...**

**СО НЕГО НЕМА ДИЈАЛОГ.**
**КОРИСТИ КРОШЕИ И АПЕРКАТИ.**

**ПРОМАШЕНИ ЛУЃЕ ЌЕ НЕ НОСАТ ДО ЦЕЛТА.**

**РАМКОВНИОТ ДОГОВОР**
**Е ОТПЕЧАТЕН НА ЛАТИНИЦА.**
**ЗА ДА МОЖЕ ШТО ПОМАЛКУ ЛУЃЕ**
**ДА ГО ПРОЧИТААТ.**

**НИКАКО ДА НАПРАВИМЕ СТРИП.
СЛИКАТА НЕ ОДГОВАРА СО РАСКАЖУВАЊЕТО.**

**СЕ ОЧЕКУВА БРЗО ДА СТИГНЕМЕ ВО ЕВРОПА.
ОСВЕН АКО НЕ НИ СЕ ИЗЛИЖАТ ОПИНЦИТЕ.**

**ЗА ДА СЕ ОЧИСТИ НАШЕВО ЃУБРЕ, ЕКОЛОЗИТЕ
ПОБАРАА ПОМОШ И ОД ПОЛИЦИЈАТА.**

**НА СЕКОИ ЧЕТИРИ ГОДИНИ
ГИ РУШИМЕ ЅИДОВИТЕ.
ПОКРИВОТ СЕКОГАШ ОСТАНУВА ИСТ.**

**САКАМ ДА ЛИЗНАМ ОД МЕДОТ,
АМА НИКАКО ДА СТАСАМ НА РЕД ОД МЕЧКИТЕ.**

**НАРОДОТ НЕ ЗНАЕ ЗА КОЈ КАНДИДАТ ДА ГЛАСА.
И ДВАЈЦАТА СЕ ОД ИСТ ЗАТВОР ИЗЛЕЗЕНИ.**

**ЈА ЈАКНЕМЕ ДЕМОКРАТИЈАТА.
ИЗВРШИВМЕ НАБАВКА НА НОВИ ТЕНКОВИ.**

**ВЛАДАТА ГО УСВОИ БУЏЕТОТ.
ЗАТОА НА БУЏЕТОТ НЕ МУ СЕ ЗНАЕ
НИТУ МАЈКАТА НИТУ ТАТКОТО.**

**СРЦЕ, ОКО, СЛЕПО ЦРЕВО...
И ОСТАНАТИТЕ ОРГАНИ ГИ ВАДАТ ДОКТОРИ.
БУБРЕЗИТЕ СЕ УШТЕ ПОЛИЦИЈАТА ГИ ТРЕТИРА.**

**НОРМАЛНО Е ДА СМРДИ ВО ДРЖАВА
ВО КОЈА И МРТВИТЕ ГЛАСААТ.**

**ВО МАКЕДОНИЈА НЕМА КЛОНИРАНИ.
ТАКВИ СМЕ РОДЕНИ.**

**МИНХАУЗЕН ПОДНЕСЕ МОЛБА ДО ВЛАДАТА.
ДА ГО ВРАБОТАТ КАКО ПОРТПАРОЛ.**

**НЕЗНАМ ДАЛИ ТИКВИТЕ ЦВЕТААТ.
АМА НА НЕКОИ ТИКВИ СЕ ИМ ЦВЕТА.**

**ИМПОТЕНТНИОТ ПОЛИТИЧАР ОЧЕКУВА
ДЕКА И СОПСТВЕНАТА ЖЕНА
МОЖЕ ДА ЈА ЗАДОВОЛИ СО ДВА ПРСТА.**

**ПЕКОЛОТ ОД ДАНТЕ
СЕ УЧИ ВО ОСМО ОДДЕЛЕНИЕ,
ЗА ДА МОЖАТ МЛАДИТЕ
ДА СЕ СООЧАТ СО РЕАЛНОСТА ВО ДРЖАВАТА.**

**НИ СЕ СМЕЕ ИДНИНАТА.**
**ПОТОЧНО – НИ СЕ ПОТСМЕВА.**

**ПРВО ЛЕПЕШЕ ПЛАКАТИ,**
**ПОТОА ЛЕПЕШЕ ЕТИКЕТИ...**
**СЕГА Е ЗАЛЕПЕН ДО ВОДАЧОТ.**

**КАКВА МАЈКА БАРАМЕ ВО ЕВРОПСКА УНИЈА?!**
**НЕКОЈА ШТО ЌЕ НЕ ЦИЦА?!**

**ЗА НЕКОЛКУ ГОДИНИ**
**ДРЖАВАТА ЌЕ НИ БИДЕ ТИП-ТОП.**
**ЛЕПЕНКА ДО ЛЕПЕНКА.**

**НЕ ЗНАМ КАДЕ ПЛОВИ НАШИОТ БРОД.**
**ОД СИТЕ СТРАНИ ДУВААТ ВЕТРИШТА.**

**ВРЕМЕ Е ДА СТАНАМ ГЕЈ.**
**И ОНАКА СИТЕ МИ РАБОТАТ ЗАД ГРБ.**

**ДОЛГОТ КОН ИСТОРИЈАТА ГО ПЛАТИВМЕ. СО ГЕОГРАФИЈАТА ПАК ЌЕ ОСТАНЕМЕ КУСОК.**

**АФОРИЗМОТ Е КРАТКА ФОРМА. МОЖЕ ДА ТЕ ОСУДАТ ДВЕ-ТРИ ГОДИНИ.**

**ВО ВЛАДАТА ИМАМЕ ЕДЕН КУП ДОКТОРИ ПО ПРАВО, А НЕ ОДНЕСОА КРИВО.**

**СЛЕПЦИ НЕ ВОДАТ ЗАТОА ШТО**
**ЕДНИ НА ДРУГИ СИ ГИ ВАДАТ ОЧИТЕ.**

**КОГА ЌЕ ВИДАМ СИРОМАВ ЧОВЕК,**
**ЏИГЕРИТЕ СИ ГИ ЈАДАМ.**
**ДУРИ ОТПОСЛЕ МИ НОСАТ КРЕМЕНАДЛИ,**
**ПЛЕСКАВИЦИ, УВИЈАЧИ...**

**ДА ДАДЕ ГОСПОД ЕВРОПА ДА ЦРКНЕ.**
**НЕКА ВИДИ КАКО Е БЕЗ НАС ВО РАЈОТ.**

**ИМАМ ДОБАР НОС,
ОД ДАЛЕКУ МОЖАМ ДА НАСЕТАМ МИРИЗБА.
САМО ВИДОТ МИ Е СЛАБ, ПА ГО НАГАЗИВ.**

**И НИЕ КОЊ ЗА ТРКА ИМАМЕ.
САМО СО РАМКОВНИОТ ДОГОВОР,
МОРА ДВАЈЦА ДА ГО ЈАВААТ.**

**КОКОШКИТЕ СЛАБО НЕСАТ ЈАЈЦА.
НА СЛЕДНИТЕ ИЗБОРИ ЌЕ НИ ВЕТАТ ДЕКА
ПЕТЛИТЕ ЌЕ ГО НАДОМЕСТАТ НЕДОСТИГОТ.**

**НЕМОРА ДА МЕ ПРИСЛУШКУВААТ.
КОЛНАМ НА ЦЕЛ ГЛАС.**

**МЕ ОСТАВИ НАЈВЕРНИОТ ПРИЈАТЕЛ.
БЕВ ПРИМОРАН ДА МУ ЈА ИЗЕДАМ КОСКАТА.**

**НЕМА ПОТРЕБА ОД ПОГРЕБАЛНО.
НАЈДОБРО ЌЕ ВЕ ЗАКОПААТ ПРИЈАТЕЛИТЕ.**

**МНОГУ КУЛТУРЕН ЧОВЕК.**
**НЕ ПЛУКА НА ЗЕМЈА.**
**ПЛУКА ВО ЛИЦЕ.**

**СТРАВ МИ Е ЖЕНА МИ ДА НЕ СТАНЕ КУРВА.**
**ЌЕ МОРАМ ДА И КУПАМ ФИСКАЛНА КАСА.**

**ЛАКОМОСТА Е ГЛАВЕН ФАКТОР**
**ЗА ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ПАРТИЈА.**

**ПИТАЧИТЕ СЕ РАДУВААТ
ШТО ЌЕ ВЛЕЗЕМЕ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА.
НАЧУЈА ДЕКА ТАМУ ИМА МНОГУ ПОВЕЌЕ
ВО КОНТЕЈНЕРИТЕ.**

**БАЈАГИ СЕ ЗАЛЕТАВМЕ НА ЦРВЕНО,
ПА СЕГА НИ ШИРОК СПЕКТАР НА БОИ
НЕ МОЖЕ ДА НИ ПОМОГНЕ.**

**ОЧИГЛЕДНО Е ДЕКА НЕКОИ НАШИ ГОЛЕМЦИ
СЕ ПОТОМЦИ НА НОЕ.
КАКО ПОПЛАВА ДА ГИ ИСФРЛИЛА.**

**КРАДЦИ ИМА СЕ ПОМАЛКУ.
ЌЕ НЕМА КОГО ДА КАНДИДИРАМЕ
НА СЛЕДНИТЕ ИЗБОРИ.**

**ОВА НИ Е ПРЕТПОСЛЕДЕН ПАТ
ДА ИЗБЕРЕМЕ ВЛАДА КОЈА ЈА ЗАСЛУЖУВАМЕ.**

**НА БАЛКАНОТ, ГРОБИШТАТА СТАНАА ГЛАВНИ
ОРИЕНТИРИ ЗА МЛАДИТЕ ИЗВИДУВАЧИ.
НАЈДОБРО ГО ПОКАЖУВААТ ПАТОТ КОН ЗАПАД.**